**ЈП „Стрежево“ - Битола**
Булевар 1 Мај бр.77,7000 Битола /тел (047 207 800, 207 816 / Факс (047) 207 836
e-mail: strezevo@t.mk / web:www.strezevo.com.mk
жиро ск-а: 200-0034729814-93 Стопанска Банка А.Д. Скопје
жиро с-ка 205-0110004957-95 Шпаркасе банка А.Д. Битола
жиро-ска 500-0000000172-93 Стопанска банка А.Д Битола
мат. број: **5562538**, дан.бр. **МК 4002978113467**

стрежево

До

Друштво за инжинеринг,
производство,промет и услуги
МЕХАНОТЕХНИКА увоз - извоз
Битола ДООЕЛ

Наш знак 09-42/155 Ваш знак

Битола, 05.07.2023

Предмет: Вцртување на подземни инсталации

Во врска со Вашето барање со бр. 0305-105/23 од 03.07.2023 година доставено електронски преку системот е-урбанизам (постапка бр. 53540) и заведено од наша страна под број 09-42/150 на 04.07.2023 година, за достава на податоци и информации со кои располага ЈП „Стрежево“ за потребите на постапката за изработување и одобрување на Проектна документација за: Нов 0,4 kV кабелски вод, нов 10(20) kV кабелски вод и нова КБТС (КО Крклино) - Општина Битола, Ве известуваме дека низ планскиот опфат кој ни го доставивте на ажурирана геодетска подлога минува делничен цевковод (∅160, ПВЦ) во сопственост на ЈП „Стрежево“.

ЈП „Стрежево“ дозволува вкрстување, со почитување на следните технички услови:

1. Заради променливата нивелета на цевководот, точната длабина да биде одредена со рачен ископ.

2. На местото каде трасата на Вашиот кабелски вод се вкрстува со цевководите на ЈП „Стрежево“, бараме кабелот да помине на најмало растојание од 0.5 m под најниската точка на цевководот и да биде положен во заштитна челична поцинкувана цевка, 3m лево и 3m десно од осовината на цевката во правец на протегање на кабелот.

3. Одбележување на трасата: на местото на вкрстување на кабелот со цевководот, трасата да биде прописно одбележана со опозорителна трака, а после затрупувањето на ровот прописно да се поставаат и бетонски столбчиња со ознака КВ.

4. Пред почетокот на реализација на работите на местото на вкрстување бараме да бидеме известени со цел да се обезбеди присуство на наше

стручно лице. После завршувањето на активностите, заради наша евиденција, бараме од Вас да доставите дел од техничка документација на ниво на Основен проект (или Изведбен проект) за водење на каблите на местото на вкрстување со цевководот на ЈП „Стрежево“.

Доколку настанат одредени штетни последици по однос на цевководот како резултат на градежните активности, штетата ја сноси Инвеститорот и Извршителот на градежните активности.

Со почит,

Подготвил:
Биљана Георгиевска, д.м.и.
Контролирал:
Павле Кондински, д.г.и.
Илија Грујоски, д.г.и.
Одобрил:
м-р Илија Кондински, д.г.и.

Директор
Методија Граматковски, д.е.и.